# ОСВРТИ

*М. МИХАЈЛОВ*

## ПРИЛОГ КОН МЕТОДИТЕ И ТЕХНИКАТА НА ПРИБИРАЊЕТО НА МЕМОАРСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Досега извршените реконструкции на партиските организации на територијата на Македонија, прибраните материјали за пишување на хроники или веќе објавените хроники и документи покажуваат дека сочуваните документи малку ни кажуваат за многу настани во Македонија кои единствено по пат на сеќавање можеме да ги забележиме за да не паднат во заборав.

Иако досегашната активност за прибирање на мемоарски материјали од страна на Сојузот на здруженијата на борeчките организации на СРМ, Архивското одделение при ЦК СКМ и поединци, спомогна да се приберат мемоарски материјали за позначајни настани од животот на Партијата и друго, сепак не можеме ни оддалеку да бидеме задоволни со веќе прибраните материјали.

Со оглед на тоа што во реализирањето на оваа перманентна задача претстојат нови напори и акции од заинтересираните фактори (пред сѐ од Сојузот на борeчките организации на СРМ, Институтот за национална историја и соодветните служби и организации во општините), се прифативме со задачата со еден прилог на оваа тематика да ја олесниме работата на теренот и на лицата кои ќе бидат ангажирани на овој план. При тоа сме свесни дека со тоа ни оддалеку не е разработена сета проблематика, дотолку повеќе што трудот претставува и збир на досегашните искуства во прибирањето на ваков вид материјали на територијата на СРМ и Југославија во целина.

### ЗНАЧЕЊЕТО НА МЕМОАРСКИТЕ МАТЕРИЈАЛИ

За мемоарските материјали како историски извор се поделени мислењата меѓу историографите и другите истражувачи. Спрема едните мемоарите се драгоцени историски извори, особено ако се користат како дополнување на архивските и други историски извори, а спрема другите, не баш бројни историографи, мемоарите немаат некоја поголема вредност за запознавање и изучување на минатите настани. Но без обѕир на поделените мислења, мемоарските материјали интензивно се користат во изучувањето на поновата историја а особено на НОБ. Дури би можеле да кажеме дека е невозможно

потполно и сестрано изучување на ослободителниот покрет кој се развивал и делувал во специфични илегални услови, без сеќавања и дополнителни искажувања на актери во поедини настани.

Од досега сочуваните документи можеме да заклучиме дека најголем број се однесуваат на партиската работа која во голема мера е шифрирана, кратена, недоречена, двосмислена и тн., од причини што актерите сакале да се сочува конспирацијата во Партијата. Ваквата документација секако не би можела во полна мера да се ползува без искажувањата на преживеаните актери во тие настани.

Поради специфичните услови во работата на Партијата, често и многу значајни акции, кои биле судбоносни за покрупни настани, биле и останале познати само на мал број актери на тие збиднувања. Затоа илегалноста барала дури ни сите извршители на поедини акции да не знаат кога и кој бил покренувач на акцијата, со посредство на кого и што е нешто преземено. Требало да се изведе акција, да се извршат многу задачи, да се обезбеди успех на покретот, необрнувајќи внимание на сè што ја следело акцијата, така што многу такви „случки" навидум не биле тогаш важни. Со кажувањето пак на учесниците се спасуваат од заборав многу настани од нашето богато револуционерно минато. Се запознаваме на најнепосреден начин за активноста на Партијата и СКОЈ-от, за создавањето на нивната организација, за штрајковите, за разните видови на борба на селаните, за животот и борбата на осудените револуционери, за затворите, интернациите и друго.

Сеќавањето не само што фактографски ги проширува сознанијата за минатите настани, туку и овозможува реконструкција за причините и последиците на одредени акции. Многу се интересни и значајни сеќавањата на поедини истакнати личности. Тие обично обилуваат со податоци, за впечатоците од животот и работата на личности за кои е тешко да се најдат архивски документи.

За вреднувањето на мемоарите како историски извори не може да се занемарат и извесни слабости со кои се тие оптеретени. Нивната вредност зависи од повеќе моменти. Пред сè, од временската дистанца која ги дели авторите на сеќавањата од изминатите настани, од нивното место и улогата во одредените настани, и моќта на памтењето, од начинот на соопштувањето, од можностите за пообјективно или посубјективно третирање на својата улога или улогата на другите, а често и од многу други мотиви и тенденции. Авторите на многу сеќавања, опишувајќи ги минатите настани обогатени со нови знаења, официјални оценки скоро ги занемаруваат конкретните појави, специфичностите и вистинските движења и настојуваат секоја појава и акција да ја вклопат во официјалната линија. Таквите сеќавања се штури, бледи и малку можат да допринесат на вистинската намена.

Вредноста на сеќавањата — мемоарите зависи од начинот како до нив се доаѓа, како и за која цел се земаат и кој ги зема — подобар или послаб познавач на историските настани и расположивите архивски извори, какви подготовки претходно се направени и тн. Наведените недостатоци на поедини сеќавања не ја доведуваат во прашање нивната целосна вредност, туку ни укажуваат на што треба да обрнеме внимание при користењето на веќе прибраните мемоарски материјали, или пак на прибирањето на нови.

## ИЗБОР НА ЛИЦА ПОГОДНИ ЗА СОБИРАЊЕ НА МЕМОАРСКИ МАТЕРИЈАЛИ

За успешно приоѓање кон собирањето на мемоарските материјали, една од првите и основни задачи е секако изборот на лица погодни за собирање на мемоарски материјали. Досегашниот пристап кон прибирањето на мемоарските материјали е многу разновиден. Мемоарски материјали беа прибирани, во досегашната практика, пред сè преку Архивското одделение при ЦК СКМ, Сојузот на борците на СРМ, со неговите одбори на теренот, архиви, редакции, поедини научни и стручни работници, публицисти и други. И покрај тоа што е прибран голем дел на мемоарски материјали, сепак квалитетот на материјалите во повеќе случаи не задоволува. Тоа секако доаѓа оттаму што изборот на лица за прибирање на мемоарски материјали не бил најсреќен.

Зборувајќи за овој проблем свесни сме дека во дадениов момент немаме такви кадри кои на стручен начин би го извршиле прибирањето на сеќавањата. Заради тоа во дадените услови секако ќе се потпреме на оние кадри кои постојат на теренот. Од нивната желба за вклучување и афинитетот за прибирањето на мемоарски материјали, многу ќе зависи квалитетот на сеќавањата и утврдувањето на историската вистина. Пред сè во оваа акција би требало да бидат вклучени историчарите на теренот, архивските работници (кои за тоа пројават желба), учесниците во НОБ кои за тоа имаат склоности, општествено-политичките работници од подрачјето на општините и други. Основно е лицата кои ќе се зафатат со оваа работа да имаат повеќе време за вршење на претходни подготовки за прибирањето на мемоарските материјали.

Се разбира, за да се исполни поставената цел, потребно е собирачите на мемоарските материјали да располагаат со најнужните познавања на настаните сврзани со материјата, односно настанот за кој сакаме да добиеме сеќавање. Собирачите на сеќавањата пред да пристапат кон разговорот со давателот на сеќавањата, должни се солидно да ја познаваат историјата — периодот за кој бараат податоци и да владеат со фактографски податоци, содржани во веќе собраните мемоарски материјали и документи.

Претходните подготовки на собирачите на мемоарските материјали претставуваат една основна компонента за успешно водење на разговорот со давателот на сеќавањата. Главната цел на собирачот е преку земање на сеќавањата да утврди некоја историска вистина или настан. Затоа и утврдувањето на историската вистина е најделикатен дел од работата на собирачите на мемоарските материјали. Во која мера ќе се постигне утврдувањето на таа вистина во прв ред зависи од давателот на сеќавањата, а потоа и од самиот собирач. Меѓутоа, улогата на водачот на разговорот во тоа е многу важна. Од неговите претходни подготовки, од изборот на методот и начинот на земање на сеќавањата, во многу ќе зависи веродостојноста, а со тоа и квалитетот на мемоарските материјали.

## ИЗБОР НА ЛИЦА ОД КОИ ТРЕБА ДА СЕ ЗЕМААТ СЕЌАВАЊА

Пронаоѓање и одбирање на личности од кои треба да се земаат сеќавања е сериозна и тешка работа. Пред сè, потребно е да се дојде до сознание кои се тие личности кои најдобро, најобјективно и најпотполно би можеле да ни дадат сеќавања. Од правилниот избор на лицата зависат и резултатите од работата. Оттаму е потребно перманентно следење на историските искажувања кои се однесуваат, или кои делумно зборуваат за проблемите или областите што се предмет на собирачкиот интерес. Личните контакти и познанства кои се создаваат во текот на работата можат да бидат од голема полза во колку вешто се искористат. Многу често тие служат како единствени патокази во понатамошните истражувања. Ланецот на личности од кои се доаѓа од искажувањата на едно лице, е главен пат и начин за изнаоѓање на потребни личности за анкетирање. Затоа собирачот на сеќавањата при проучувањето на собраните податоци треба да обрне внимание на лица кои се споменуваат таму. Заправо, најчесто и оттука се почнува. Тоа е прва и основна карика во веригата на меѓусебно поврзани личности. Тука секако мораат приоритет раководители, функционери и главни актери во одредени историски настани, затоа е и разбирливо што тие најдобро ги познаваат настаните од тоа време. Не смеат да се изостават ниту припадници на покретот, учесници во извесни акции, па дури и лица кои пасивно се однесувале спрема НОБ или учествувале во единиците на непријателот.

Откако собирачот на сеќавањата реши да воспостави контакт со одредено лице, тој, колку му дозволуваат можностите, врши проверка на таа личност преку други учесници и познавачи на настанот за кој треба да зборува избраната личност. Оваа проверка е потребна од повеќе причини. Ќе наведеме само некои: потребно е да се знаат можностите на одбраното лице; дали може да одговори на нашите барања, а треба да се води сметка и за чувствителноста на луѓето со кои се работи. На овој начин се обезбедуваме од непотребни, штури и несигурни сеќавања, непотребно дуплирање и повторување во кажувањата кои се веќе проверени и утврдени од други. При изборот на личноста мора да се води сметка за тоа колку е таа по својот положај и улога во одредени настани во состојба да ја даде бараната помош. Тоа не значи дека во прибирањето на сеќавањата треба да се оди само на лица кои биле на раководни положаи. Често се многу содржајни и драгоцени сеќавањата од учесници и очевидци на настаните. Изборот на личноста зависи и од тоа што бараме и од кој аспект сакаме да ги расветлиме одредените настани.

Посебно треба да се внимава спрема лица кои во НОБ се однесувале пасивно или учествувале во единиците на непријателот. При изборот на вакви лица од кои сакаме да земеме сеќавања, при самиот наш пристап треба да бидеме внимателни. Треба да се води сметка дека собирачот на сеќавањата нема за цел да го расчепкува минатото на луѓето, ами да собере што поавтентични податоци, кои како мемоарски материјали ќе имаат значење на изворен материјал. И самиот потсетник кој треба да се направи треба да биде составен така, за да не предизвика сомневање и недоверие спрема собирачот на сеќавањата.

Откако ќе извршиме избор и проверка на личноста, тогаш дури претстои работа на собирачот на писмениот потсетник наменет за полесно и сигурно водење на разговорот со давателот на сеќавањето. Потсетникот треба да содржи прашања упатени до давателот на сеќавањата, кои не смеат да бидат сугестивни. Тие мораат да бидат јасни и конкретни. Потсетникот мора да биде така направен што е можно повеќе да се дојде до податоци за кои давателот зборува како учесник во настаните. Освен конкретни и непосредни прашања, потсетникот може да содржи и прашања кои имаат и воопштен карактер или бараат одредени оценки на настаните. За секој дават.л на сеќавања, посебно, мора да се припреми потсетник, кој мора да служи како водач на разговорите на континуирано излагање на давателот на сеќавањата. Неговата содржина главно зависи од местото и улогата во настаните, од личноста која ги дава своите сеќавања и од планот на барателот — собирачот. Посебно треба да напомeнеме дека во практичната работа некои собирачи не се користат со потсетник туку се потпираат само на усмена припрема. Ваков начин на работа е можен само кога е во прашање одреден вид на мемоарски материјали (кратки сеќавања или изјави). Меѓутоа, сосем е сигурно дека ваков начин на припреми не обезбедува ни квалитет, ни обем на сеќавања одошто кога се користи со писмен потсетник. Тоа од причина што собирачот, при изработката на писмениот потсетник повеќе и посестрано се ангажира во своите припреми и што можноста на заборавање и пропусти на давателот на сеќавањата неспоредливо е помала. Тоа би биле и основните причини зошто се препорачува задолжително правење на писмен потсетник.

## ПРЕТХОДНИ ПОДГОТОВКИ НА ЛИЦАТА ОД КОИ ТРЕБА ДА СЕ ЗЕМААТ СЕЌАВАЊА

Откако ќе направиме писмен потсетник, на собирачот му останува да организира подготвителен разговор со давателот на сеќавањата. Овој разговор има за цел да го легитимира барателот на сеќавањата, да се запознае давателот со целта и намената на сеќавањата кои ќе ги даде и да се изврши договор за начинот и видот на искажувањето. Во тој случај давателот на сеќавањата добива еден примерок на писмениот потсетник. Тогаш се утврдува што давателот би можел опширно или повеќе да каже отколку што е предвидено со потсетникот. Писмениот потсетник на давателот на сеќавањата му го олеснува евоцирањето на сеќавањето и го ориентира вниманието на одредени и важни прашања. Освен тоа, временскиот интервал од настаните за кои треба да зборува, често е поголем од 28 години. Затоа и евоцирањето на спомените претставува напорна и тешка работа. Потсетникот е затоа да ја олесни подготовката на авторот на сеќавањата, односно да помогне во изработката на концептот за искажувањата.

На подготвителниот состанок потребно е со давателот на сеќавањата да се договори кога тој може да ги изложи своите сеќавања. Ова е важно заради тоа што некои даватели на сеќавања сакаат сами да ги напишат своите сеќавања со помош на потсетникот. Кај вакви случаеви, иако се тие ретки, писмениот потсетник има големо значење.

## НАЧИН НА ВОДЕЊЕ РАЗГОВОР ПРИ ДАВАЊЕТО НА СЕЌАВАЊА

Присуството на лице кое го води разговорот и начинот на водењето на разговорот е од голема важност за квалитетот на сеќавањето. Во прв ред затоа што авторот на искажувањата од подготвителниот состанок до денот на давањето на сеќавањето имал време солидно да се подготви, што можностите за слободно и непосредно искажување се поголеми, што смета, во случај на потреба, на помош од водачот на разговорот, што е помалку ангажиран со давање на литературни вредности на своето излагање, што можноста на водачот на разговорот во вакви случаеви е неспоредливо поголема да инсистира на фактографски податоци, што квалитетот на искажувањата најчесто е подобар од самостојното пишување и друго. На водачот на разговорот е да води сметка за сите поединости за кои давателот на сеќавањата зборува. Воедно треба да се обрне внимание на идентификувањето на личноста, утврдувањето на времето и настаните. Датирањето на времето и одредувањето на местото на кое се одиграле настаните се важни моменти за кое мора да се води сметка. Во колку авторот сам не е во состојба тоа да го стори, тогаш му помага водачот на разговорот. Дозволено е, а често е и потребно, асоцијативно врзување на настаните поради датирањето на времето. Вакво одредување на времето е оправдано во случаи кога авторот на сеќавањата не е во можност на друг начин тоа да го стори.

Водачот на разговорот мора да се користи со писмен потсетник и воопшто со познавањето на тој материјал, инсистирајќи давателот на сеќавањата што е можно подетално, служејќи се со конкретни податоци, да ги изложи своите сеќавања. Со ваков облик на искажувања кои се карактеризираат со непосредност на излагањето и автентичност на фактографијата може да се добијат квалитетни сеќавања.

## ПОЕДИНЕЧНО И КОЛЕКТИВНО ИСКАЖУВАЊЕ

Спрема начинот на собирањето, сеќавањата можат да бидат поединечни и групни. Затоа во продолжение ќе ги обработиме посебно.

Карактеристично е кај поединечните искажувања на сеќавањата дека авторите треба да бидат потполно самостојни, за да можат да ја изнесат целокупната своја активност, своето евоцирање да го врзуваат за својата лична активност и да ја дадат онака како тие ја запомниле и доживеале, да се ослободени од човечките обѕири, со што сеќавањата добиваат во точноста (вистинитоста) и друго. Но вакните искажувања можат да страдаат од истакнување на авторовата личност и улогата во настаните. Во колку водачот на разговорот правилно не го канализира искажувањето, постои реално сомнение дека таквите сеќавања ќе бидат биографија на авторот, отколку евоцирање на историски настани. Можни се и тенденции на предимензионирање на значењето на одредена акција во која учествувал самиот давател на сеќавањата поаѓајќи од тоа, дека со тоа го определува и своето место во нив. Вакви појави не се карактеристични, но нивна појава е можна. Освен тоа, кај поединечните искажувања неминовно е повторувањето на фактографските

податоци. Но тие служат полезно за утврдување на вистинитоста, во колку тие не се бројно претерани.

Најпогодна форма за прибирање на сеќавања претставуваат колективните искажувања. Таа е најцелисходна за прибирање мемоарски податоци на одредена тема или настан. Кај овој начин на искажување истовремено земаме сеќавања од цела група луѓе. Негова позитивна страна е во тоа што давателите на сеќавањата — се и најдобри познавачи на одреден материјал и се во можност комплексно да ни ги дадат потребните податоци, создавајќи можност да се добие целосна слика за определениот настан. На самиот состанок присутните учесници со своите излагања и дополнувања во разговрот сами се дополнуваат и корегираат, со што се зголемува сигурноста на податоците. Вака проверените податоци имаат архивска вредност, особено ако за дадениот настан нема други архивски извори.

Но покрај позитивните страни колективните искажувања имаат и негативна страна, што оневозможуваат целосно искажување на секој поединец за својата активност за еден определен временски период, што е многу тешко да се безбеди присуство на сите учесници на настанот во исто време, што кај ваквиот начин на искажување нужно мораат исти луѓе по неколку пати да се ангажираат (што тешко се реализира во практиката), што сите учесници не доаѓаат до подеднаков израз во искажувањата заради говорничките способности на други, потоа скоро секој пат се има обѕири спрема лица кои моментално се на положај па она „не замери се" доаѓа во поголема или помала мера до израз и сл. Меѓутоа, и покрај наведените слабости колективното искажување во практиката се покажа добро и често се применува.

## ТЕХНИЧКИ ПРИСТАП КОН РЕГИСТРИРАЊЕ НА СЕЌАВАЊАТА

Спрема техничкиот пристап сеќавањата можеме да ги поделиме на стенографски, магнетофонски, ракописни, сеќавања дадени во вид на изјави и белешки. Собирачите на сеќавањата треба да решат сами која од овие форми е најпогодна, според случајот, за земање на сеќавања.

### а) Стенографски сеќавања

Ако собирачот на мемоарите — сеќавањата, односно водачот на разговорот го одбере стенографирањето како начин кој е најпогоден за тој случај тогаш стенограмот треба во почетокот да ги содржи овие податоци:

— име на установата за чии потреби се врши прибирањето на мемоарските материјали;

— место и време каде се врши стенографирањето;

— кратки податоци за авторот на сеќавањата;

— име и презиме на собирачот на мемоарските материјали и стенографот;

— потоа следува кратка содржина на стенограмот која се дава на основа на содржината на текстот.

Сето ова погоре споменато има голема практична вредност при користењето на сеќавањата. Давање содржина на стенограмот во почетокот на текстот а не на крајот, како тоа е вообичаено, има за цел корисникот веднаш, при првиот додир со стенограмот да го запознаеме со проблематиката што тој ја содржи. Вакво бележење на содржината има двојна полза: прво, што корисникот на сеќавањата може веднаш да уочи дали одредениот стенограм може да биде предмет на неговиот интерес или не и второ, што на овој начин се врши заштита од непотребната употреба и оштетување на стенограмот. Стенограмите обично се прават во четири примероци. Три остануваат на установата која ги собира материјалите, а еден примерок се дава на неговиот автор. Според вредноста на содржаните податоци и обемот на искажувањата стенографските сеќавања претставуваат најпогоден и најдобар пристап на земање сеќавања.

### б) Магнетофонски сеќавања

По својот обем и содржина оваа врста на сеќавања се слични на стенографските, па дури во извесни случаи сосем исти, особено онаму каде имаме поединечни искажувања. Во ваквиот вид на земање сеќавања, поправки и дополнувања се исклучени што влијае врз квалитетот на сеќавањето. Магнетофонската лента го снима подробно целиот разговор, но воедно и оневозможува било каква корекција. Значи, сеќавањата остануваат онакви, какви се раскажани и тие не смеат да се корегираат. Тоа има свои добри и лоши страни. Освен тоа потребни се посебни услови за чување и негување на магнетофонските ленти (во колку сакаме да го сочуваме гласот на авторот). Обработката е исто така отежната. Предноста на овој начин за земање на сеќавања е во тоа што покрај содржината може да се сочува и авторовиот глас и начинот на искажувањето, што во извесен случај претставува драгоцена вредност. Освен тоа, овде авторот е во ситуација побрзо и слободно да ги изложува своите сеќавања. Секако дека ова не се причини кои даваат предност на овој начин на земање на сеќавања во однос на стенографските сеќавања.

### в) Ракописни сеќавања

Сеќавања кои авторите сами ги пишуваат, по содржината и квалитетот најчесто се нешто послаби од стенографските сеќавања. Кај овој начин на искажување, авторот го користи само подготвителниот разговор со собирачот на сеќавањата и неговиот писмен потсетник. Овој начин на дадени сеќавања страда од пропусти и недоречености. До ова доаѓа, во многу случаи заради отсуство на водачот на разговорот. Кај овие сеќавања потребно е посебно да се обрне внимание на редакцијата на ракописот. Тоа е момент кога на авторот му се укажува на неговите грешки, пропусти, на недоволни објаснувања, кои најчесто се сврзани за датирањето на времето кога се случиле настаните, за состави на разни форуми или организации, за личности, врзување на настаните за одредени места и друго. Откако на авторот ќе му се

дадат забелешките од страна на редакторот, тој има право да ги прифати или отфрли забелешките на собирачот, односно редакторот и да изврши своја редакција или дополнување на сеќавањето. Дури тогаш се пристапува кон авторизирање на текстот.

Кај ваквиот начин на собирање на сеќавања нешто е полесна работата на собирачот и технички е пократок патот до добивањето на сеќавањата, но затоа постои опасност ваквиот вид на сеќавања, во извесни случаи, да изгуби од квалитетот одошто кога тие би се земе по пат на стенографирање или магнетофонска лента. Пожелно е ваквиот начин на давање сеќавања да ги содржи сите оние елементи на првите страници, како и стенографските сеќавања со тоа што ракописните сеќавања веднаш на крајот треба да се авторизираат.

Собирачот на сеќавањето ако по повторниот преглед констатира дека дадените ракописни сеќавања имаат одредени пропусти обично во некои доразјаснувања, или на некои помали тематски целини, за кои авторот недоволно зборува, а се многу важни за расветлување на одреден временски период или настани, бара од авторот дополнување на сеќавањата. Честопати се случува квалитетот на ваквите дополнувања на сеќавањата да отскокнува од понапред дадените сеќавања. Тоа доаѓа оттаму што авторот присуствува и е во можност пошироко и подлабоко да навлезе во проблематиката на одредено прашање.

### г) Сеќавања дадени во вид на изјави

Изјавата е кратко и збиено евоцирање на сеќавањето. Најчесто се бара заради проверка или потврда на веродостојноста на веќе земени податоци. Изјава од учесници може да бараме за еден, два или повеќе одредени настани, па дури за целиот период на НОБ, што зависи од лицето од кое бараме изјава. За овој вид сеќавања собирачот не е потребно да подготви писмен потсетник. Најчесто авторот сам прифаќа да напише изјава или тоа го прави со помош на собирачот. Ваквите изјави може да добијат и биографски карактер, а најчесто се користи во собирање на податоци за ликови (биографии). Изјавите како такви, претставуваат ценет материјал затоа што може да се следат настаните во нивната взаемна врска, како и од нивниот почеток, преку текот па сè до последиците. Честопати се јавуваат празнини во ваков вид дадени сеќавања, во смисла лицето да не ги согледа или да не се сети за сите моменти. Има можност да се преувеличуваат извесни заслуги на авторот на изјавата, како и од скромност да не ги запише сите моменти. Меѓутоа, кога е дадена основа, со споредување и проверување може да се одреди местото и улогата на давателот на изјавата во одредени настани. На крајот текстот од изјавата се прочитува во присуство на авторот и собирачот и евентуално во колку има забелешки тие се отклонуваат. Со тоа е извршена редакција на текстот и изјавата се авторизира со потпис на крајот на текстот.

### д) Белешки

Овој вид на прибирање на сеќавања се применува само тогаш кога давателот на сеќавањата одбие било кој вид на понапред споменатите форми на земање сеќавања. Авторот на вака дадени сеќавања во поголем број случаи не сака да ги авторизира, па на овој начин единствено сме во можност, иако не авторизирани, сеќавањата да ги забележиме.

Ваквиот начин на земање на сеќавања не би смеел често да се употребува затоа што полно моменти можат да се испуштат кои не можат да се забележат и што давателот на сеќавањата не е припремен за еден ваков вид на разговор. Во оваа форма дадени сеќавања, постои можност да се вовлечат неточни искажувања за кои авторот многу не обрнува внимание од причини што смета дека неавторизираниот текст не го обврзува слободно да донесува суд за едно или друго, гледано само од една страна. На ваквиот вид дадени сеќавања собирачот на сеќавањата должен е да се потпише, а во напомената да стави зошто прибегнал кон ваков начин на земање сеќавања.

## БИОГРАФИИ

Во работата на собирачите на мемоарски материјали посебно место зазема прибирање на мемоарски материјали за ликови на одредени личности кои биле носители на работничкото и народноослободителното движење. Ова оправдано се наметнува и треба да се настојува да ја осветлиме улогата на овие личности и да ја сочуваме од заборав.

Од одбирањето на ликови за кои ќе се собира мемоарски материјали, можат да ни послужат како основа веќе прибраните материјали и документи за напредното работничко и ослободително движење. Во секој случај ова не може да ни послужи во други цели освен за одбирање на ликови. Освен тоа собирањето на мемоарски материјали за ликови е сврзано со една тешкотија што произлегува од фактот што ретко има истакнати личности кои работат само на еден терен. Затоа и се поставува пред собирачите на мемоарските материјали за одредени личности да прибираат сеќавања само за теренот кој тие го обработуваат. Овде секако, треба да нагласиме дека мемоарските материјали за истакнати личности нема да се однесуваат само на нивната дејност во текот на НОБ, туку биографијата како таква го опфаќа целиот животен пат на личноста. Од гореспоменатото произлегува дека секој собирач на мемоарски материјали за одредени ликови треба претходно добро да се подготви и за секоја личност да подготви посебен потсетник, затоа што се посебни условите во кои се формирала таа личност, а посебен е методот на делување и сфаќање на настаните од страна на таа личност.

Сеќавањата за ликови, покрај податоците кои ни ги даваат за одредена личност, содржат и податоци за партиската и скоевската организација, работничкото, студентското и средношколското движење, за напредното синдикално движење, за партиската и скоевската техника, илегалните станови и пунктови, кадровската и организационата структура и за други

легални и илегални видови на борба. Прибирање податоци за биографии на истакнати личности и други кои погоре ги споменавме е секако благородна работа и треба да настојуваме што е можно повеќе да се прибираат што поголем број податоци.

## АВТОРИЗИРАЊЕ НА СОБРАНИТЕ МЕМОАРСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Собирачите на мемоарските материјали должни се во текот на собирањето да ги проучуваат фактографските податоци и да дадат оценка дали прибраниот материјал треба да се преработува, да се корегира или пак истиот нема потреба ни од едното ни од другото, а може веднаш да се даде на авторизирање. Во колку е потребно да се утврди и потврди за она што е веќе собрано, тогаш тоа се прави што е можно порано и преку повеќе самостојни даватели на сеќавања. Ова е особено потребно во случаи кога се среќаваме со контрадикторни тврдења за ист период и настан. Под авторизирање на мемоарски материјали не подразбираме само меѓусебно споредување и проверување на податоци туку, истовремено, споредување и со документите, печатот, литературата и другите домашни и непријателски извори. Секако дека ваквиот начин на авторизирање ќе го употребиме само тогаш кога имаме доволно време, а што е најбитно дали повторно ќе можеме да дојдеме во допир со давателот на сеќавањата за да може да ги авторизира.

Во практиката често ќе се случи давателот на сеќавањата да е од некое подалечно место или постои сомнение дека истиот нема да го авторизира даденото сеќавање. Тогаш настојуваме што побргу да го подготвиме материјалот, како би можело лицето уште веднаш да го авторизира. Вака авторизираните мемоарски материјали се заокружуваат и можат да се користат од страна на истражувачите.